РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр.28- Сл. од 04.05.2021 година
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К

За увид на лице место и утврдување на степенот на уреденост на градежно земјиште

Согласно член 94 и 95 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на Република Македонија бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19), Комисија за увид на лице место и за утврдување на степен на уреденост на градежно земјиште во состав од:

1. Светислав Апостолов - дипломиран градежен инжeнер
2. Тина Каровска - дипломиран градежен инжeнер
3. Сања Јосифова - дипломиран геодетски инжинер

на ден 04.05.2021 година изврши увид на лице место со цел да се изврши увид и да утврди степен на уреденост на градежно земјиште кое претставува **ГП 5.23** која е составена од делови од **КП 2142/83 КО Маџари**.

По извршениот увид на лице место, констатирано е следното:



Сл.бр.1



Сл.бр.2

**ГП 5.23** е составена од **КП 2142/83 КО Маџари**, на која согласно Детален урбанистички план за Маџари-Хиподром е предвидена изградба на објект со намена А1 – семејно домување во семејни куќи.

**ГП 5.23** составена од **КП 2142/83 КО Маџари**, претставува градежно неизградено земјиште (сл.1 и сл.2).

По извршениот увид на лице место заради утврдување на степен на уреденост на градежно земјиште, согласно член 2 од Правилникот за степен на уредувњето на градежното земјиште со објекти од комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Сл.Весник на Република Македонија бр.163/2016 и 72/18), Комисијата утврди дека степенот на уреденост на градежното земјиште означено како ГП бр.5.23 од ДУП за Маџари-Хиподром претставува понизок степен на уреденост на градежното земјиште.

Поради погоре образложеното комисијата констатира дека градежната парцела претставува **уредено градежно неизградено земјиште.**

**Членови на комисија:**

**Светислав Апостолов**

______________

**Тина Каровска**

______________

**Сања Јосифова**

______________